ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
Бр. 09-179/1
21.03.2014 год.
СКОПЈЕ

**Врз основа на Член 6 од Правилникот за организација и работа на младите на Црвен крст на РМ, а согласно Правилата за изборна постапка во организацијата на Црвениот крст на Република Македонија, Советот на млади на Црвен крст на Република Македонија на ден 12,03,2014 година донесе:**

# Упатство за организирање и работа на Клубови на млади при општинските организации на Црвен крст /Црвен крст на град Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со ова упатство се утврдува начинот на организирање и работа на клубовите на млади при општинските организации на Црвен крст (во понатамошен текст ООЦК) и Црвен крст на град Скопје (во понатамошен текст ЦКГС).

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1. Клуб на млади

Младите на Општинската организација на Црвен крст /Црвен крст на град Скопје, се организираат во клуб на млади и работат на територијата која ја покрива ООЦК/ЦКГС согласно организациската поставеност на Црвен крст на Република Македонија. Клуб на млади при ООЦК/ЦКГС, своите цели, задачи и активности ги остварува согласно Статутот на Црвен крст на Република Македонија, Статутот на ООЦК/ЦКГС, Правилникот за организација и работа на младите на ЦКРМ и ова Упатство за работа на Клубот на млади.

Клубот на млади претставува форма преку која младите членови во ООЦК/ЦКГС можат да донесуваат одлуки во рамките на надлежностите уредени во Правилникот за организација и работа на млади на Црвениот крст на РМ и ова Упатство, да избираат претставници во Собранието на ООЦК/ЦКГС, да избираат претставници во Советот на млади на Црвен крст на РМ, како и да иницираат основање на други форми за организирање на волонтерска работа во рамките на Црвениот крст.

Клубовите на млади претставуваат можност и за иницирање на волонтерски активности во чие спроведување може да се вклучат и други заинтересирани волонтери на Црвениот крст.

Клубот на млади за својата работа одговара пред Извршниот одбор и Собранието на ООЦК/ЦКГС

## 2. Членови и волонтери на Клубот на млади

За правата и обврските на Младите на Црвениот крст на Република Македонија се применуваат одредбите од Статутот на ООЦК/ЦКГС, Правилникот за организација и работа на младите на Црвениот крст и Упатството за работа на Клубот на млади.

Во работата на клубот на млади се вклучени членови и волонтери на клубот.

За членови на клубот на млади се сметаат сите членови на Црвениот крст кои се на возраст до 30 години и пополниле евидентен лист за членување во клубот на млади. Тие се вклучуваат во активностите на клубот на млади и имаат право да бираат и да бидат избрани во органите и телата на Клубот на млади и активно да се вклучат во процесите на донесување на одлуки во клубот на млади.

Волонтери на клубот на млади може да бидат и други лица кои се на возраст до 30 години, пополнуваат евидентен лист и привремено или редовно, доброволно извршуваат волонтерски активности на клубот согласно со „Правилникот за волонтирање на Црвен крст на Република Македонија“ и „Кодексот за однесување на волонтерите на Црвен крст на Република Македонија“. Волонтерите имаат право да учествува на состаноци од отворен карактер, да бидат дел од дискусиите, но без право на глас при носење на одлуки.

## 3. Раководење и функционирање на клубот на млади

Работата на младите во ООЦК/ЦКГС е организирана преку клуб на млади кој избира членови на Координативно тело на клубот на млади, Лидер, Заменик лидер, претставник/ци во Собрание на ООЦК/ЦКГС и претставник во Совет на млади на Црвен крст на РМ.

- **Состаноци на клубот на млади**

Работата на клубот се организира преку одржување на состаноци. Состанок на Клубот може да биде: изборен, редовен и вонреден. Состаноците на Клубот ги свикува Лидерот на клубот на млади, во негово отсуство Заменик лидерот на клубот на млади или друг член на координативното тело на клубот на млади на барање на две третини од вкупниот број на членови на клубот на млади. Клубот на млади работи доколку на состанокот присуствуваат најмалку 10 членови на клубот, додека сите одлуки се носат со мнозинство гласови од присутните на состанокот.

Во работата на клубот на млади учествуваат сите членови и волонтери на клубот на млади.

Изборен состанок

Изборен состанок претставува состанок на кој членовите на клубот ги избираат Лидерот на клубот на млади, Заменикот лидер на клубот на млади, членовите на Координативното тело на клубот на млади, претставник/ци во Собранието на ООЦК/ЦКГС и претставник во Совет на млади на Црвен крст на РМ. Изборниот состанок се свикува на секои две години по донесена Одлука за распишување на избори од страна на Претседателот на Црвен крст на Република Македонија. Изборот

се врши согласно Правилникот за организација и работа на младите на Црвен крст на Република Македонија и Правилата за изборна постапка во организацијата на Црвениот крст на Република Македонија.

По потреба може да се свика и вонреден изборен состанок каде се избираат привремени Лидер и Заменик лидер до истекот на мандатот и наредниот изборен состанок.

Редовен состанок

Клубовите на млади одржуваат редовни состаноци најмалку еднаш во месецот врз основа на претходно донесен распоред на редовни состаноци на Клубот на млади. Распоредот за состаноци се донесува на првиот редовен состанок по одржување на изборите во клубот.

За состаноците на клубот се изготвува дневен ред, белешка од состанокот и листа на присутни.

Во периодот Јануари – Февруари се усвојува извештајот на активности на клубот на млади за изминатата календарска година, а во периодот Ноември-Декември клубот на млади усвојува програма за работа на клубот на млади за наредната календарска година.

Вонреден состанок

На барање на лидерот на клубот, а во негово отсуство заменик лидерот, или на барање на две третини од вкупниот број на членови на клубот на млади може да се организира вонреден состанок на клубот.

- **Координативно тело на клуб на млади**

За работа на клубот на млади помеѓу два состаноци на клубот, одговорно е Координативно тело на клуб на млади.
Координативното тело на клубот на млади е составено од 3-7 избрани членови од редовите на клубот на млади меѓу кои и Лидерот и Заменик лидерот на клубот на млади. Координативно тело на клубот на млади одржува состаноци најмалку еднаш месечно. Состаноците на Координативното тело ги свикува Лидерот на клубот на млади, а во негово отсуство Заменик лидерот. Координативното тело на клубот на млади може да има и состанок на барање на повеќе од половина членови на Координативното тело, а доколку отсуствуваат и Лидерот и Заменик лидерот тој состанок може да го води друг член на Координативното тело. За секој состанок на Координативното тело на клуб на млади се води Белешка од состанокот.

Координативно тело на клубот на млади ги организира активностите на клубот, ја координира работата на волонтерите на клубот, иницира и остварува соработки на клубот на млади со други организации, е одговорно за евиденцијата и водење на архива за активностите на клубот на млади, номинира претставници за учество на обуки, семинари, состаноци и конференции за што од учесниците разгледува посебен извештај, иницира обуки за развој на капацитетите на клубот на млади, разгледува иницијативи на волонтери и членови на клубот на млади, иницира основање и ја следи работата на други форми на организирање на волонтерска работа на млади при

ООЦК/ЦКГС, одржува транспарентност и комуникација со членовите и волонтерите на клубот, подготвува предлог годишна програма и предлог годишен извештај за работа на клубот кои ги доставува пред Клубот, дискутира за други прашања кои се од интерес на работата на клубот на млади.

За својата работа координативно тело поднесува извештај пред клубот на млади.

- **Лидер на клуб на млади**

Лидер на клубот на млади е лице кое е должно да ги свикува состаноците на клубот на млади и состаноците на Координативното тело на клубот на млади. Тој се грижи за следење на усвоената програма, го претставува клубот на млади пред други органи на организацијата и други организации, ги мотивира членовите на клубот за активно вклучување на активностите, ги следи актуелните случувања во ООЦК/ЦКГС и Националното друштво, одржува редовна комуникација со Секретарот на ООЦК/ЦКГС, Претседателот на ООЦК/ЦКГС и Претседателот на младите на Црвен крст на РМ, редовно го известува Централната канцеларија на Црвен крст на РМ за планираните и реализираните активности на клубот. Лидерот на клубот на млади може да врши и други задачи во договор со Координативното тело на клубот на млади.

За својата работа Лидерот на клубот на млади дава годишен отчет пред клубот на млади.

- **Заменик лидер на клуб на млади**

Заменик лидер на клубот на млади е лице кое ги има истите задолженија како и Лидерот на клубот на млади, а дејствува во негово отсуство. Заменик лидерот може да врши и други задачи во договор со Лидерот на клубот на млади и координативното тело на клубот на млади.

- **Претставник/ци на клубот на млади во Собранието на ООЦК/ЦКГС**

Претставникот/ците на клубот на млади во Собранието на ООЦК/ЦКГС има/ат должност во довериониот мандатен период да ги претставуваат ставовите на клубот на млади и активно да учествува во работата на Собранието на ООЦК/ЦКГС согласно Статутот на ООЦК/ЦКГС. Пред и по одржување на секој состанок на Собранието на ООЦК/ЦКГС тој редовно го известува Лидерот на клубот на млади и координативното тело на клубот на млади.

Доколку ова лице биде избрано да биде член на некое од телата и органите на Собранието на ООЦК/ЦКГС како што е Извршен одбор или одредена комисија, тој редовно го известува Лидерот на клубот на млади и координативното тело на клубот на млади пред и по одржување на секој состанок на тоа тело или орган.

Бројот на претставници на клубот на млади во Собранието на ООЦК/ЦКГС се донесува со посебна Одлука од страна на Извршниот одбор на ООЦК/ЦКГС.

- **Претставник на клубот на млади во Советот на млади на Црвен крст на РМ**

Претставникот на клубот на млади во Советот на млади на Црвен крст на РМ има должност во довереniот мандатен период да ги претставува ставовите на клубот на млади и активно да учествува во работата на Советот на млади на Црвен крст на РМ согласно Правилникот за организација и работа на младите на Црвен крст на РМ. Пред и по одржување на секој состанок на Советот млади на Црвен крст на РМ, тој редовно го известува Лидерот на клубот на млади и координативното тело на клубот на млади.

## 4. Спроведување на избори во клубовите на млади

Лидерот, заменик лидерот, членовите на Координативното тело на клубот на млади, претставниците во Собранието на ООЦК/ЦКГС и претставникот во Советот на млади на Црвен крст на РМ, се избираат од редот на активните членови на клубот на млади. Право да биде избран за лидер, заменик лидер, член на Координативното тело на клубот на млади или претставник во Советот на млади на Црвен крст на РМ, има секој активен член кој бил вклучен во активности најмалку шест месеци во моментот на неговата номинација. Од избраните лица се очекува да бидат решителни, да мотивираат, да изразуваат заедништво, да практикуваат тимска работа, ефективно да комуницираат, да даваат личен пример и слично.

Изборите во клубот на млади се одржуваат секоја втора година во последниот месец од истекот на мандатот. Мандатот трае од денот на неговото верификување до денот на верификувањето на новите носители на функции.

Изборната постапка во клубот на млади се спроведува согласно Правила за изборна постапка во организацијата на Црвен крст на Република Македонија.

Членови на Координативното тело на клубот на млади, Претставник на клубот на млади во Собрание на ООЦК и Претставник на клубот на млади во Совет на млади на Црвен крст на Република Македонија се избираат со просто мнозинство од присутните со јавно гласање.

Кандидатите за Лидер ги предлага Комисија за евидентирање на заинтересираните кандидати формирана од лидерот на клубот чиј мандат е во истекување.

Записникот заедно со останатиот изборен материјал се архивира во ООЦК/ЦКГС, а копија од истите се доставува до Централната канцеларија на Црвен крст на Република Македонија.

## 5. Евиденција и архивирање

Клубот на млади при ООЦК/ЦКГС, води евиденција за:

- Бројот на членови на Клубот на млади, вклученоста на членовите во активностите на Клубот на млади како и нивното учество на семинари, тренинзи, обуки и конференции од различен вид

- Бројот на волонтери во Клубот на млади, нивното вклучување во активностите на Клубот на млади како и нивното учество на семинари, тренинзи, обуки и конференции од различен вид
- Спроведени и реализирани проекти и активности на Клубот на млади
- Остварени соработки со други Клубови на млади при ЦКРМ, организации и институции и каков вид на соработки се остварени
- Годишен преглед на расположливи кадри и обучени лица помеѓу членовите и волонтерите на клубот;
- Реализирани волонтерски часови на сите волонтери поединечно
- Записници и листи на присуство од одржани состаноци на Клубот на млади и состаноци на Координативното тело.

Архивата на документите на Клубот се млади се чуваат во електронска и/или печатена форма во просториите на ООЦК/ЦКГС каде Клубот дејствува и во секое време е достапна за Лидерот, Заменикот лидерот, секој заинтересиран член и волонтер на Клубот на млади и управните и раководни органи на ООЦК/ЦКГС.

***

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За сите работи поврзани со работата на клубот на млади кои не се уредени со ова упатство, се применуваат одредбите и актите на ООЦК/ЦКГС и Црвен крст на Република Македонија.

Ова упатство за организирање и работа на клубовите на млади при Општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје влегува на сила со денот на донесувањето и се применува во ООЦК/ЦКГС.

Претседател на Совет на млади

Нина Цекиќ